РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-932/1
25-02-2026/v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 28-та седница одржана на ден 17.02.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата со број 12-2406/1 од 03.09.2025 година, во која се изнесени наводи за сомневање за барање на поткуп од страна на царински службеници во граничниот премин ---------------- - ------------ и од страна на полициски службеници пред граничниот премин -------------- - --------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што, пријавените дејствија се однесуваат на прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување и за кои друг орган е надлежен да постапува - Министерството за внатрешни работи.

Пријавата ќе се достави на надлежно постапување до Министерство за внатрешни работи.

Предметот со број 12-2406/1 од 03.09.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 03.09.2025 година, до ДКСК доставена е пријава, во која се изнесени наводи за сомневање за барање на поткуп од страна на царински службеници во граничниот премин ------------------------- и од страна на полициски службеници пред граничниот премин ---------------------------.

Подносителот во пријавата наведува дека, патувајќи заедно со сопругата и две деца, бил запрен од страна на царински службеници во граничниот премин ------------------------ и истите му побарале пари за кафе. Тој наведува дека возејќи по пат, подоцна повторно бил запрен од страна на полициски службеници, наводно за пребрзо возење пред граничниот премин --------------------, кои му ги земале возачката дозвола и документите на возилото, како и му побарале да оди до аеродром и да подигне пари, за да им ги даде на нив. Подносителот наведува дека одбивал да го направи тоа и им рекол на полициските службеници дека случајот ќе го пријави до надлежни органи, по што документите му биле вратени и му било дозволено да продолжи по пат.

По разгледување на содржината на пријавата, ДКСК констатира дека во конкретниот случај нема елементи за надлежно постапување, поради тоа што пријавените дејствија се однесуваат на прашања кои не се предмет на нејзино надлежно постапување и истите се во надлежност на друг надлежен орган - Министерството за внатрешни работи. Пријавата ќе се достави на надлежно постапување до Министерството за внатрешни работи.
Оттаму, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р м-р С.Д., Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930